Република Македонија

Ј.З.У. Центар за јавно здравје-Скопје

# ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВРАБОТЕН КАДАР ВО ЗДРАВСВЕНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2014 ГОДИНА



Скопје, мај 2015 година

**ИЗГОТВУВАЧ**

Ј.З.У ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ – СКОПЈЕ

**ДИРЕКТОР**

Д-р Шемси Муса, специјалист по хигиена

**Раководител:**

Прим. д-р сци. Весна Спирова

**Уредник:**

Асс.м-р д-р Валентина Симоновска

**Автор:**

Асс. м-р д-р Валентина Симоновска

**Обработка на податоци:**

Одделение за социјална медицина

Дипл. инг. Нијази Абдији

ИНФО СОФТ ИНГ

## Содржина

**1.** Вовед

**2.** Цели

**3.** Материјали и метод на работа

**4.** Резултати

**4.1** Мрежа на здравствени установи и организациски потенцијал (Скопски регион)

**4.2** Кадровска обезбеденост на Скопскиот регион со здравствени работници и здравствени соработници

**4.3** Споредба на индикатори за обезбеденост со здравствени работници во Р. Македонија и други земји од Европскиот Регион

**5.** Заклучоци

**6.** Предлог мерки

**7.** Користена литература

**8.** Табеларен приказ

## 1. Вовед

Со Националната програма за јавно здравје во Република Македонија за 2015 година предвидено е изготвување на Извештај за вработените во здравствените установи на Скопскиот регион за 2014 година.

Здравствениот кадар, како специфична категорија влијае на функционирањето на вкупниот систем на здравствена заштита. Реализацијата на мерките и целите поставени во програмите и плановите за здравствена заштита на населението, во квантитативна и квалитативна смисла, зависат од: бројот, профилот и нивото на квалификација на здрвствените работници.

Исто така, од бројот и дистрибуцијата на здравствените работници директно зависи: достапноста на здравствената заштита, обемот на здравствените услуги, како и комплексните показатели на развиеноста на здравствената дејност и здравствената состојба на населението.

Во Извештајот се вклучени податоци за вработените во јавниот и приватниот сектор. Тој содржи целосна слика на вработените во здравствените установи на подрачјето на Скопскиот регион. Исто така, прикажана е и дистрибуцијата на здравствените работници, здравствените соработници и административно-техничкиот кадар во здравствениот сектор спрема здравствените дејности и здравствените организации на кои им припаѓаат.

Анализирана е состојбата регистрирана на 31.12.2014 година. Табеларните прикази на Извештајот содржат податоци за дистрибуцијата на здравствените работници вработени во здравствените установи спрема степенот на нивната стручна подготовка, видот односно профилот вкупно, и во одделните дејности.

## 2. Цели

- Целта на Извештајот е да даде приказ и оценка за развиеноста на здравствената мрежа на подрачјето на Центарот за јавно здравје–Скопје (мрежата на здравствените установи, организацијата на здравствените служби и во нив вработениот кадар).

- Втората цел е да се даде целосен преглед на вработените здравствени работници,  здравствените соработници и административно-техничкиот кадар во здравствените установи според видот и степенот на стручната поготовка.

- Третата цел е да се прикажат стандардите на обезбеденост со лекари и здравствени работници со виша и средна стручна подготовка во Скопскиот регион.

## 3. Материјал и метод

Како материјал за работа користени се:

- Збирниот извештај за вработен кадар и организациската структура на здравствените установи (Образец бр. 3-00-60), кој согласно Законот за евиденции во областа на здравството се доставува еднаш годишно во Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје – Скопје.

- Обработените податоци од спроведениот попис на здравствените работници кои работеле во здравствените установи во Скопскиот регион на 31.12.2014 година.

Употребен е дескриптивно-информативен метод на работа. Направена е анализа за 2014 година со табеларен и графички приказ на показателите на структура и интензитет.

# 4. Резултати и дискусија

## 4.1 Мрежа на здравствени установи и организациски потенцијал

## (Скопски регион)

**Мрежата на здравствени установи** ги опфаќа оние здравствени установи кои редовно доставувале извештаи за 2014 година. Наша проценка е дека бројот на здравствени установи во Скопскиот регион е поголем и дека сеуште некои од нив редовно не ги исполнуваат законските обврски за известување.

Мрежата на здравствените установи преку кои се обезбедувала здравствената заштита на населението во општините во Скопскиот регион за 2014 година ја сочинуваат следните видови на здравствени установи: ординации по општа медицина, ординации по стоматологија, ординации по гинекологија и акушерство, специјалистичко – консултативни ординации, поликлиники од примарно и секундарно ниво, ургентен центар, општи болници, специјални болници, универзитетски клинички центар, униеритетски клиники, клиничка болница, заводи, институт за медицина на труд, институт за трансфузиологија, институт за јавно здравје, центар за јавно здравје и аптеки. Во однос на сопственоста на капиталот установите се поделени на: државни (јавни), концесионерски (под закуп) и приватни здравствени установи.

Во текот на 2014 година во општина **Аеродром** здравствена заштита спроведувале следните здравствени установи: една работна единица на Здравствен дом – Скопје, 41 ординации по општа медицина, 3 ординации по гинекологија, 20 ординации по стоматологија, 13 специјалистичко-консултативни ординации, 5 аптеки и една приватна поликлиника.
Во општина **Арачиново** функционирале: една подрачна служба на Здравствен дом–Скопје, 3 ординации по општа медицина и 1 ординација по општа стоматологија.

Во општина **Бутел** здравствена заштита спроведувале 10 ординации по општа медицина, 4 ординации по стоматологија, 1 специјалистичко-консултативна ординација и 3 аптеки.

Во општина **Центар** здравствени услуги обезбедуваат следните здравствени установи: две подрачни служби на Здравствен дом – Скопје, една поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", 28 ординации по општа медицина, 18 ординации по гинекологија, 35 стоматолошки ординации, 64 специјалистичко-консултативни ординации, два стоматолошки клинички центри, 13 институти, 2 заводи, 1 институт за јавно здравје и 1 центар за јавно здравје, институт за трансфузиологија и 10 аптеки.

Во општина **Гази Баба** работеле следните здравствени установи: две подрачни служби на Здравствен дом – Скопје, 33 ординации по општа медицина, 4 гинеколошки ординации, 18 ординации по стоматологија, 3 специјалистички ординации, една општа болница и 4 аптеки.

Во општина **Илинден** здравствена заштита спроведувале една подрачна единица на Здравствен дом – Скопје, 6 ординации по општа медицина, 2 стоматолошки ординации, 1 специјалистичко-консултативна ординација и 4 аптеки.

Општина **Шуто Оризари** располагала со следните здравствени установи: една подрачна единица на Здравствен дом–Скопје, 6 ординации за општа медицина, 3 ординации по стоматологија, 2 аптеки.

Во општина **Ѓорче Петров** работат: една подрачна единица на Здравствен дом–Скопје, 32 ординации по општа медицина, 4 ординации по гинекологија, 18 стоматолошки ординации, 8 специјалистички ординации, 1 дијагностичка лабораторија, 2 специјални болници, еден завод и 4 аптеки.

Во општината **Карпош** во мрежата биле вклучени: една работна единица на Здравсвен дом–Скопје, 36 ординации по општа медицина, 5 гинеколошки ординации, 29 ординации по стоматологија, 28 специјалистичко-консултативни ординации, 2 дијагностички лаборатории, една општа болница, две специјални болници, 1 клиничка болница, еден институт и 10 аптеки.

Во општина **Кисела Вода** здравствена заштита спроведувале следните здравствени установи: една подрачна единица на Здравствен дом–Скопје, 26

ординации по општа медицина, 3 ординации по гинекологија, 19 ординации по стоматологија, 13 специјалистички ординации, 6 аптеки и една дијагностичка лабораторија.

Во општина **Петровец** – една подрачна служба на Здравствен дом–Скопје, 2 ординации по општа медицина, 2 ординации по стоматологија. Општина **Сарај** има – 9 ординации по општа медицина, 1 ординација по гинекологија, 1 ординација по стоматологија и 2 аптеки.

Во општина **Сопиште** – 2 ординации по општа медицина, 2 ординации по стоматологија.

Во општина **Студеничани** има 7 ординации по општа медицина и 3 ординации по стоматологија.

Во општина **Зелениково** има една ординација по општа медицина и една ординација по стоматологија.

Во општина **Чаир** здравствена заштита спроведувале: една работна единица на Здравствен дом–Скопје, 35 ординации по општа медицина, 8 ординации по гинекологија, 18 ординации по стоматологија, 13 специјалистичко-консултативни ординации, еден институт, 1 дијагностичка лабораторија, 1 специјална болница и 7 аптеки.

Во општина **Чучер Сандево** во 2014 година работеле 5 ординации по општа медицина и 2 ординации по стоматологија ( Табела 1.).

## 4.2 Кадровска обезбеденост на Скопскиот регион со здравствени работници и здравствени соработници

Во здравствените установи на подрачјето на Скопскиот регион во 2014 година биле вработени вкупно 12 589 лица. Од нив 71,2% биле **здравствени работници**, или 8968 лица. **Здравствените соработници** учествувале со индекс од 8,5%, односно 1081 лице.

**Останати работници**, т.е административно-финансиски работници, технички работници и хигиеничари, имало вкупно 2540. Тие биле 20,1% од вкупниот број на вработени во здравствениот сектор на подрачјето на Скопскиот регион (Табела 2).

Бројот на здравствени работници го чинат: 4192 здравствени работници со **висока стручна подготовка** (46,7%), 198 **здравствени работници со виша стручна** подготовка (2,2%), 4570 **работници со средна стручна подготовка** (50,9%) и 8 работници со **нижа стручна подготовка** (Табела 2).

Дистрибуцијата на здравствените работници, здравствените соработници и останатите работници во здравствените установи на подрачјето на Скопје, во **амбулантно-поликлиничката здравствена дејност, болничката дејност, специјалистичко-консултативната дејност, наставната дејност, специјализираната превентивна дејност, аптекарската дејност и техничко-административната дејност,** во целост е прикажана на Табела 2.

Во **болничката дејност** на подрачјето на Скопскиот регион, работеле 42,3% од вкупниот број на вработени во здравствените установи. 38,2% биле здравствени работници, 40,1% здравствени соработници и 57,4% останатите работници во здравството (Табела 2).

Бројот на вработени во а**мбулантно-поликлиничката дејност** во структурата на вкупно вработените во здравствениот систем на Скопскиот регион, учествува со индекс од 18,6%. Од нив, 22,4% биле здравствени работници, 4,2% здравствени соработници и 11,4% останати работници во здравството (Табела 2).

**На специјалистичко-консултативната дејност - во болниците** на подрачјето на Скопскиот регион, им припаѓаат 8,08% од вкупно вработените. Од нив 9,5% биле здравствени работници, 10% здравствени соработници и 2,2% останати работници во здравството (Табела 2).

**На Специјалистичко-консултативната дејност - вон болниците** на подрачјето на Скопскиот регион, им припаѓаат 17,9% од вкупно вработените.

Од овие, 19,8% биле здравствени работници, 15,6% здравствени соработници и 12,1% останати работници во здравството (Табела 2).

**На останатите здравствени дејности** им припаѓаат 49,7% од вкупно вработените во здравството на подрачјето на Скопскиот регион. Од нив 41,5 % биле здравствени работници, 65,7% здравствени соработници и 72% останати работници во здравството (Табела 2).

**На аптекарската дејност** и припаѓаат 5,6% од вкупно вработените, 6,7% од здравствените работници, 4,3% од здравствените соработници и 2,2% од останатите работници во здравството на подрачјето на Скопскиот регион (Табела 2).

Дистрибуцијата на здравствените работници со **висока стручна подготовка** вработени во здравствените установи во Скопскиот регион според профилот/видот, вкупно и во одделните дејности посебно, е прикажана во Табела 3.

Највисоко е учеството на **здравствените работници со висока стручна** подготовка во **болничката дејност**. Од вкупно 3433 здравствени работници, 1111 се лекари, 12 се стоматолози, 24 се фармацевти и 313 се останати.

**Амбулантно-поликлиничката дејност** ангажира вкупно 2006 здравствени работници, 1036 со висока стручна подготовка. Од нив 639 се лекари, 315 се стоматолози, 3 се фармацевти и 79 се останати.

**Специјалистичко-консултативната дејност – во болниците** ангажира вкупно 852 здравствени работници, 237 лекари, 7 стоматолози и 1 фармацевт.

**Специјалистичко-консултативната дејност – вон болниците** ангажира вкупно 1779 здравствени работници, 498 лекари, 250 стоматолози и 7 фармацевти (Табела 4).

**Здравствените работници со виша стручна подготовка** (вкупно 198), во најголем број се ангажирани во болничката дејност (62,6%). Според видот најбројни се медицинските сестри (66,6%) и лаборантските техничари (11,1%) (Табела 5).

**Здравствени работници со средна стручна подготовка** во најголем број се анжирани во болничката дејност, 1841, со индекс од 40,2%, а нивниот број во амбулантно-поликлиничката дејност и специјлистичко-консултативната вон болничка дејност бил 1833, со индекс на структура од 40,1%. Во гореспоменатите дејности најбројни спрема видот меѓу здравствените работници со средна стручна подготовка се медицинските сестри со учество од 54% во болничката дејност и 36,5% во амбулантно-поликлиничката дејност и специјлистичко-консултативната вон болничка дејност. На второ место во претходноспоменатите дејности се лаборантските техничари (58,4%). Стоматолошките сестри со најголем број биле ангажирани во амбулантно-поликлиничката дејност и тоа со индекс од 57,4% (Табела 5).

**Здравствените работници со нижа стручна подготовка**, како и да не постојат во структурата на здравствените работници. Единствено се присутни во болничката здравствена заштита и тоа само 8 на број (Табела 6).

Табела 7 ги прикажува **постигнатите стандарди на обезбеденост на населението од Скопскиот регион со лекари**, **стоматолози и фармацевти**.

Во **вонболничката здравствена заштита** достигнат е стандард од 1 лекар ангажиран во лекувањето на 374 жители на Скопскиот регион. Во **болничката здравствена заштита** е достигнат стандард од 1 лекар ангажиран во лекувањето на 308 жители на Скопскиот регион. Или вкупно во Скопскиот регион достигнат стандард е 1 лекар на 691 жител. Исто така, достигнат е стандард од 1071 жител на 1 стоматолог и 1 фармацевт на 2306 жители во **вон болничките** дејности на подрачјето на Скопскиот регион.

**Во примарната здравствена заштита** во 2014 година во Скопскиот регион во ординациите **по општа медицина** работеле вкупно 399 лекари. Од нив 12,5% биле лекари специјалисти.

Односот на здравствени работници со виша и со средна стручна подготовка на лекар бил 1:1 за Скопскиот регион, вкупно (Табела 8).

Во ординациите по **општа медицина** во 2014 година во Скопскиот регион остварени се 6128 посети по лекар, а дневниот просек по лекар за 2014 година изнесувал 25,5 посети.

**Во одинациите по гинекологија и акушерство** во текот на 2014 година во Скопскиот регион работеле 54 специјалисти, 1 лекар на специјализација и 48 останати здравствени работници, со меѓусебен соодност од 1:0,85 (Табела 9). Во ординациите по гинекологија биле остварени 3860 посети по лекар или 16 посети по лекар на ден.

**Ординациите по стоматологија** биле обезбедени со 407 општи стоматолози и 386 стоматолози специјалисти. Во спроведување на стоматолошката заштита во овие ординации учествувале и 641 лице со виша и средна стручна наобразба (забен техничар или забен асистент) прикажани на Табела 10. Односот меѓу нив бил 1 стоматолог/0,78 забни техничари и забни асистенти.

**Во ординациите по педијатрија** во текот на 2014 година за Скопскиот регион биле вработени вкупно 70 лекари. Од нив 45% биле специјалисти и 3 лекари на специјализација. Односот лекар/здравствени работници со виша и средна стручна поготовка, бил 1:0,97. Во ординациите по педијатрија биле остварени 699 посети по лекар или 3,0 посети по лекар на ден ( Табела 11).

**Во специјалистичките ординации** во текот на 2014 година во Скопскиот регион работеле вкупно 260 специјалисти, 4 лекари на специјализација и 12 лекари по општа медицина. Од здравствените работници со виша и средна стручна подготовка во оваа служба работеле 336 останати здравствени работници, односно бил постигнат однос на лекар/здравствени работници со виша и средна стручна подготовка од 1: 1,21.

**Во болничката здравствена заштита биле вработени** 930 специјалисти, 115 лекари на специјализација, 66 лекари по општа медицина, 10 специјалисти-стоматолози, 24 фармацевти и 79 здравствени соработници со висока стручна спрема. Односот лекар/здравствени работници со виша и средна стручна подготовка бил 1/1,8.

Анализираните податоци покажуваат дека достигнати се следните нивоа на обезбеденост на населението со здравствени работници:

- 1 доктор во вон болничка здравствена заштита на 374 жители од Скопскиот регион;
- 1 доктор во болничка здравствена заштита на 308 жители;
- 1 стоматолог во вон болничка здравствена заштита на 1071 жители;
- 1 фармацефт во вон болничка здравствена заштита на 2306 жители.

## 4.3 Споредба на индикатори за обезбеденост со здравствени работници во Република Македонија и други земји од Европскиот регион

Во Република Македонија обезбеденоста со здравствени работници е анализирана преку бројот на дипломирани лекари, бројот на лекари, бројот на стоматолози и бројот на лекари специјалисти по гинекологија и акушерство на 100 000 жители за 2010 и 2011 година. Исто така анализирано е и процентуалното учество на лекарите вработени во болница, процентуалното

учество на медицински сестри вработени во болница за 2010 година, како за Република Македонија така и за  некои други земји од регионот.

**Стапката на дипломирани лекари на 100 000 жители** во Р. Македонија била помала во однос на истата стапка на ниво на Европската Унија за  4,8%. Исто така, истиот индикатор бил со помала вредност  и  во однос на земјите од соседството (Графикон 1).

Графикон 1.




Извор: European Health for all database (HFA – DB)

**Во Република Македонија** достигнат е стандард од 273,7 лекари на 100 000 жители, што е за 72 лекари на 100 000 жители помалку од вредноста на истиот индикатор на Европската Унија. Во однос на Хрватска и Словенија, Република Македонија има слична обезбеденост со лекари на 100 000 жители (Графикон 2).

Графикон 2.




Извор: European Health for all database (HFA – DB)

**Во Република Македонија** има поголема обезбеденост со стоматолози на 100 000 жители во однос на Европската Унија. Најмала обезбеденост со стоматолози има во соседството и тоа во Србија која има 35,1 стоматолог на 100 000 жители за 2011 година. Хрватска има блиска обезбеденост со стоматолози на 100 000 жители за 2011 година во однос на Р. Македонија. Словенија има слична обезбеденост со стоматолози на 100 000 жители како и Европската Унија за 2011 година (Графикон 3).

Графикон 3.




Извор: European Health for all database (HFA – DB)

**Обезбеденоста со фармацевти во Република Македонија** за 2011 година изнесува 37,8 на 100 000 жители што е за 44% помала од обезбеденоста со фармацевти во Хрватска за 2011 година. Македонија има за 31,3% помала обезбеденост со фармацевти од Словенија за 2011 година и слична вредност на овој индикатор со Србија и Европскиот Регион (Графикон 4).

Графикон 4.




Извор: European Health for all database (HFA – DB)

**Во Република Македонија** во 2011 година има 359 лекари специјалисти по гинекологија и акушерство или 72% помалку лекари специјалисти од оваа област во однос на Србија за истата година. Македонија има за 51,5% помалку лекари специјалисти по гинекологија и акушерство во однос на Хрватска за 2011 година и слична обезбеденост со овој вид на специјалисти споредено со Словенија (Графикон 5).

Графикон 5.




Извор: European Health for all database (HFA – DB)

**Процентуалната застапеност на лекарите вработени во болничката здравствена заштита во Република Македонија** за 2010 година е 34,9% и истата е најниска во споредба со Србија, Хрватска и Словенија. Највисока процентуална застапеност за 2010 година имало во Хрватска, (58,3%)( Графикон 6).

Графикон 6.




Извор: European Health for all database (HFA – DB)

**Процентуалната застапеност на медицински сестри вработени во болничката здравствена заштита во Република Македонија** за 2010 година била 42,3% и истата била пониска во однос на Србија, Хрватска и Словенија. Највисока процентуална застапеност за 2010 година имало во Хрватска (65,7%). Словенија имала 53,8% вработени медицински сестри во болница за 2010 година, додека Србија 63,9% (Графикон 7).

Графикон 7.




Извор: European Health for all database (HFA – DB)

# 5. Заклучоци

1. Распределбата на здравствените установи од примарната здравствена заштита (ординации по општа медицина и стоматолошки ординации), генерално одговара спрема потребите на населението, освен во дејноста за гинекологија и акушерство во руралните општини. Оваа состојба се повторува веќе во неколку изминати години.

2. Постои нерамномерна распределеност на специјалистичките ординации на секундарно ниво. Највисока концентарција на овие ординации има во централното градско подрачје, поточно во општините Центар и Карпош каде што се лоцирани повеќе од 70% од сите специјалистички ординации.

3. Во однос на кадровската обезбеденост, најголем процент од 38,2% се вработените здравствени работници во болничката здравствена заштита.

4. Постои зголемување на бројот на останати здравствени работници (медицинските сестри и останати здравствени работници со завршено високо образование) и во вон болничката и во болничката здравствена заштита.

5. Сеуште на теренот е присутен несоодветен состав на тимовите во примарната здравствена заштита. Оваа состојба е утврдена во ординациите по педијатрија, гинекологија и општа стоматологија, каде е присутен недостаток на медицински персонал со средна стручна подготовка.

6. Ваква состојба е утврдена и во специјалистичките ординации на Скопскиот регион за 2014 година.

7. Процентуална застапеност на вработените лекари во болничката здравствена заштита на Скопскиот регион за 2014 година изнесува 38,2%, а вредноста на истиот индикатор за Република Македонија во 2010 година бил 35%.

8. Во Република Македонија за 2011 година има вкупно 359 лекари специјалисти по гинекологија и акушерство, а во Скопскиот регион за 2014 година во примарната здравствена заштита т.е матични гинеколози биле 54 лоцирани на градското подрачје. Недостасуваат матични гинеколози во руралните општини на Скопскиот регион.

## 6. Предлог мерки

1. Обезбедување рамномерен развој и одржување на здравствената мрежа и нејзино обезбедување со соодветен кадровски потенцијал;

2. Одржување и исполнување на предвидените стандарди на обезбеденост со здравствени работници (лекари, лекари специјлисти, останати медицински работници) како во односот меѓу вработените, така и во однос на населението.

3. Понатамошно подобрување на соработката со здравствените установи во врска со подобрување на квалитетот на податоците и известувањето, воопшто;

4. Подобрување на соработката со Државната здравствена и санитарна инспекција во смисла на контрола и исполнување на обврските што произлегуваат од законската регулатива.

## Користена литература

1. ZDRAVSTVENO-STATISTIČKI LJETOPIS ZAGREBAČKE ŽUPANIJE 2011, Zavod za javno zdravstvo Zagrebačke županije; Zagreb, prosinac 2012

2. Годишен извештај за реализација на програмата за превентивна здравствена заштита во Република Македонија за 2003 година, Републички Завод за здравствена заштита –Скопје, 2004

3. European Health for all database (HFA – DB)

4. Весна Спирова, Извештај за екипираноста со стручен кадар според дејностите во здравствените организации на подрачјето на Скопје во 2011 година, Завод за здравствена заштита-Скопје, јуни 2002 година

5. WEB-stranica/WEB site: http://www.stat.gov.mk

6. Закон за здравствена заштита, Сл. весник на РМ бр. 43/12

7. Закон за евиденциите во областа на здравството, Сл. весник на РМ бр. 164/13

8. Национална годишна програма за јавно здравје на РМ, Сл. весник на РМ бр. 195/14

**Табела 1. Здравствени установи на територијата на Скопскиот регион: дистрибуција според видот по општини за 2014 година**

| Општина | | вкупно | здравствен дом* | здравствена станица | ординација | | | | дијагностичка лабораторија | ургентен центар | општа болница | специјална болница | универзитетска клиника | стоматолошки клинички центар | аптека | клиницка болница | институт** | завод | Институт за медицина на труд | Институт за трансфузиологија | Институтза јавно здравје | Центар за јавно здравје | поликлиника |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | општа медицина | гинекологија и акушерство | по стоматологија | спец.консултативна | | | | | | | | | | | | | | | |
| 0 | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 1 | Аеродром | | 1 | | 41 | 3 | 20 | 13 | | | | | | | 5 | | | | | | | | 1 |
| 2 | Бутел | | 1 | | 10 | | 4 | 1 | | | | | | | 3 | | | | | | | | |
| 3 | Гази Баба | | 2 | 1 | 33 | 4 | 18 | 3 | | | 1 | | | | 4 | | | | | | | | |
| 4 | Ѓорче Петров | | 1 | | 32 | 4 | 18 | 8 | 1 | | | 2 | | | 4 | | | 1 | | | | | |
| 5 | Карпош | | 1 | | 36 | 5 | 29 | 28 | 2 | | 1 | 2 | | | 10 | 1 | 1 | | | | | | |
| 6 | Кисела Вода | | 1 | | 26 | 3 | 19 | 13 | 1 | | | | | | 6 | | | | | | | | |
| 7 | Сарај | | | | 9 | 1 | 1 | | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| 8 | Центар | | 2 | | 28 | 18 | 35 | 64 | | | | | 29 | 2 | 10 | | 13 | 2 | | 1 | 1 | 1 | 3 |
| 9 | Чаир | | 1 | | 35 | 8 | 18 | 13 | 1 | | | 1 | | | 7 | | 1 | | | | | | |
| 10 | Шуто Оризари | | 1 | | 6 | | 3 | 1 | | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| **Скопје, град** | | 0 | 11 | 1 | 256 | 46 | 165 | 144 | 5 | 0 | 2 | 5 | 29 | 2 | 53 | 1 | 15 | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| 11 | Арачиново | | | | 3 | | | | 1 | | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 12 | Зелениково | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 13 | Илинден | | 1 | | 6 | | 2 | 1 | | | | | | | 4 | | | | | | | | |
| 14 | Петровец | | | | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 15 | Сопиште | | | | 2 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 16 | Студеничани | | | | 7 | | 3 | | | | | | | | 1 | | | | | | | | |
| 17 | Чучер-Сандево | | | | 5 | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Скопски регион** | | 0 | 1 | 0 | 26 | 0 | 12 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

Забелешка: *На територијата на Скопскиот регион работат два здравствени дома, Здравствен дом Железничар (општина Центар) и Здравствен дом-Скопје чии служби се дистрибуирани во целиот регион. Во состав на Здравствен дом Скопје функционираат и три заводи како составни организациони - работни единици во склоп на истиот ( Завод за мајки и деца - општина Центар, Завод за ментално здравје - општина Карпош и Завод за спортска медицина -општина Центар) ** Во описот Институт покрај Институтите при Медицински факултет вклучени се и Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза кај децата - Козле (општина Карпош) и Институтот за болодробни заболувања и туберкулоза (општина Центар) кои функционираат како специјални болници

**Табела 2.Вработени во здравствените организации во Скопскиот регион спрема стручната подготовка во 2014 година**

| Здравствена дејност | Здравствени работници | | | | | Здравствени соработници | Останати работници во здравство | | | | Се Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Висока | Виша | Средна | Нижа | | Вкупно | Адм. | Т. кад. | Чист. | |
| **01** | **02** | **03** | **04** | **05** | **06** | **07** | **08** | **09** | **10** | **11** | **12** |
| амбулантно поликлиничка дејност | **2006** | 1036 | 6 | 964 | 0 | **45** | **291** | 69 | 150 | 72 | **2342** |
| специјалистичко консултативна дејност-болничка | **852** | 355 | 15 | 482 | 0 | **109** | **57** | 32 | 19 | 6 | **1018** |
| специјалистичко консултативна дејност-вонболничка | **1779** | 865 | 45 | 869 | 0 | **169** | **308** | 155 | 68 | 85 | **2256** |
| болничка дејност | **3433** | 1460 | 124 | 1841 | 8 | **434** | **1460** | 646 | 620 | 194 | **5327** |
| аптекарска дејност | **605** | 256 | 1 | 348 | 0 | **47** | **56** | 17 | 15 | 24 | **708** |
| наставна дејност | **173** | 127 | 4 | 42 | 0 | **26** | **86** | 48 | 24 | 14 | **285** |
| специјализирана превентивна дејност | **69** | 48 | 3 | 18 | 0 | **39** | **25** | 13 | 11 | 1 | **133** |
| техничко-административна дејност | **51** | 45 | 0 | 6 | 0 | **212** | **257** | 124 | 123 | 10 | **520** |
| С е В к у п н о | **8968** | **4192** | **198** | **4570** | **8** | **1081** | **2540** | **1104** | **1030** | **406** | **12589** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 3.Дистрибуција на здравствени работници со висока стручна подготовка според видот / профилот, вкупно и во одделните здравствени дејности воСкопскиот регион во 2014 година**

| Здравствена дејност | вкупно здрав. работници | Здравствени работници со висока стручна подготовка | | | | | | | | | | Здрав. сораб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | Л е к а р и | | | | Стоматолози | | Фармацевти | | Оста нати | |
| | | | Се | општа медицина | на спец. | Специ јалист | Се | од тоа спец. | Се | од тоа спец. | | |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| амбулантно поликлиничка дејност | **2006** | **1036** | **639** | 484 | 16 | 139 | **315** | 17 | **3** | 0 | **79** | **42** |
| специјалистичко консултативна дејност-болничка | **852** | **355** | **237** | 5 | 13 | 219 | **7** | 5 | **1** | 0 | **110** | **78** |
| специјалистичко консултативна дејност-вонболничка | **1779** | **865** | **498** | 41 | 23 | 434 | **250** | 210 | **7** | 3 | **110** | **136** |
| болничка дејност | **3433** | **1460** | **1111** | 66 | 115 | 930 | **12** | 10 | **24** | 3 | **313** | **79** |
| аптекарска дејност | **605** | **256** | **7** | 5 | 0 | 2 | **0** | 0 | **248** | 2 | **1** | **1** |
| наставна дејност | **173** | **127** | **117** | 34 | 3 | 80 | **1** | 0 | **1** | 0 | **8** | **19** |
| специјализирана превентивна дејност | **69** | **48** | **34** | 5 | 3 | 26 | **0** | 0 | **6** | 4 | **8** | **32** |
| техничко-административна дејност | **51** | **45** | **37** | 27 | 0 | 10 | **4** | 0 | **2** | 0 | **2** | **212** |
| С е В к у п н о | **8968** | **4192** | **2680** | **667** | **173** | **1840** | **589** | **242** | **292** | **12** | **631** | **599** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 4.Дистрибуција на здравствени работници со виша стручна подготовка спрема видот/профилот, вкупно и во одделните здравствени дејности во Скопскиот регион во 2014 година**

| Здравствена дејност | вкупно здрав. работни. | Здравствени работници со виша стручна подготовка | | | | | | | | | | Здрав. сораб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мед. сестри | забари | забни техн. | ртг техн. | физиот. техн. | фарм техн. | радиоте. техн. | акуш. | лаб. техн. | оста нати | |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| амбулантно поликлиничка дејност | **6** | 3 | | 2 | | | | | | 1 | | **3** |
| специјалистичко консултативна дејност-болничка | **15** | 6 | | | 5 | 4 | | | | | | |
| специјалистичко консултативна дејност-вонболничка | **45** | 13 | | 7 | 6 | 5 | | | | 14 | | **3** |
| болничка дејност | **124** | 110 | | | 3 | 11 | | | | | | **3** |
| аптекарска дејност | **1** | | | | | | 1 | | | | | **1** |
| наставна дејност | **4** | | | | | | | | | 4 | | |
| специјализирана превентивна дејност | **3** | | | | | | | | | 3 | | |
| техничко-административна дејност | | | | | | | | | | | | |
| С е В к у п н о | **198** | **132** | | **9** | **14** | **20** | **1** | | | **22** | | **10** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 5.Дистрибуција на здравствени работници со средна стручна подготовка спрема видот/ профилот, вкупно и во одделните здравствени дејности во Скопскиот регион во 2014 година**

| Здравствена дејност | вкупно здрав. работн. | Здравствени работници со средна стручна подготовка | | | | | | | | | | | Нижа | Здрав. сораб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | мед. сестри | стом. сестри | забни техн. | ртг техн. | физот. техн. | радиот. техн. | фарм техн. | сан. техн. | акуш. | лабор. техн. | оста нати | | |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| амбулантно поликлиничка дејност | **964** | 638 | 131 | 92 | | | | 10 | | 52 | 41 | | | |
| специјалистичко консултативна дејност-болничка | **482** | 268 | 2 | | 1 | 51 | | | | 15 | 140 | 5 | | **28** |
| специјалистичко консултативна дејност-вонболничка | **869** | 423 | 95 | 68 | 3 | 26 | | | 16 | 1 | 237 | | | **28** |
| болничка дејност | **1841** | 1565 | | | | 26 | | 16 | | 179 | | 55 | 8 | **283** |
| аптекарска дејност | **348** | 2 | | | | | | 345 | | | 1 | | | **45** |
| наставна дејност | **42** | | | | | | | | | | 42 | | | **2** |
| специјализирана превентивна деј. | **18** | 1 | | | | | | 1 | | | 15 | 1 | | **7** |
| техничко-административна дејност | **6** | 6 | | | | | | | | | | | | |
| С е В к у п н о | **4570** | **2903** | **228** | **160** | **4** | **103** | | **372** | **16** | **247** | **476** | **61** | **8** | **393** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 6.Дистрибуција на административен и технички кадар спрема видот/профилот,вкупно и во одделните здравствени дејности во Скопскиот регион во 2014 година**

| Здравствена дејност | Административен и технички кадар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | С е вкупно | Адм. вкупно | Адм. висока | Адм. виша | Адм. средна | Адм. нижа | Техн. кадар |
| 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 |
| амбулантно поликлиничка дејност | **291** | 69 | 5 | 1 | 63 | | 222 |
| специјалистичко консултативна дејност-болничка | **57** | 32 | 4 | 1 | 27 | | 25 |
| специјалистичко консултативна дејност-вонболничка | **308** | 155 | 27 | 1 | 127 | | 153 |
| болничка дејност | **1460** | 646 | 195 | 15 | 436 | | 814 |
| аптекарска дејност | **56** | 17 | 8 | | 9 | | 39 |
| наставна дејност | **86** | 48 | 10 | 3 | 35 | | 38 |
| специјализирана превентивна дејност | **25** | 13 | 1 | | 12 | | 12 |
| техничко-административна дејност | **257** | 124 | 45 | 6 | 73 | | 133 |
| С е В к у п н о | **2540** | **1104** | **295** | **27** | **782** | | **1436** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 7.Здравствени работници со висока стручна подготовка по видови/пофили, вкупно во болничките и вон болничките здравствени установи во Скопскиот регион во 2014 година**

| Здравствени установи | лекари | | | | | | лекари ангажирани за скопското население | | стоматолози | | фармацевти | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | в к у п н о | | по општа мед. | | специјалисти | | | | | | | |
| | вкупно | жители на лекар | вкупно | жители на лекар по општа медицина | вкупно | жители на лекар специјалист | вкупно | жители на лекари ангажиран за скопското население | вкупно | жители на стоматолог | вкупно | жители на фармацевт |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| Вон болнички | 1569 | 394 | 601 | 1028 | 910 | 679 | 1569 | 374 | 577 | 1071 | 268 | 2306 |
| Болнички | 1111 | 556 | 66 | 9365 | 930 | 665 | 1111 | 308 | 12 | 51505 | 24 | 25753 |
| **Се Вкупно** | **2682** | **953** | **671** | **10398** | **1846** | **1351** | **2688** | **691** | **599** | **52588** | **304** | **28072** |

Извор: Центар за јавно здравје - Скопје

**Табела 8. Вработени во ординациите по општа медицина во Скопскиот регион спрема стручната подготовка во 2014 година**

| ОПШТИНА | | Медицински работници | | | | | | | | | | Немедицински работници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | со виша подготовка | | со средна подготовка | | со нижа спрема | вкупно | психолози | социјал. работни. | останати |
| | | лекари | | | | остан. | | | | | | | | | |
| | вкупно | вкупно | општа медицина | на спец. | специјалисти | | вкупно | од тоа мед. сестри | вкупно | од тоа мед. сестри | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| Вкупно општина Гази Баба | 115 | 56 | 49 | 0 | 7 | 1 | 0 | 0 | 58 | 58 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Кисела Вода | 69 | 34 | 29 | 1 | 4 | 2 | 0 | 0 | 33 | 33 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Чаир | 119 | 59 | 50 | 2 | 7 | 2 | 0 | 0 | 57 | 56 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Вкупно општина Карпош | 90 | 43 | 33 | 1 | 9 | 5 | 0 | 0 | 42 | 41 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Центар | 72 | 35 | 29 | 1 | 5 | 5 | 0 | 0 | 31 | 31 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Вкупно општина Ѓорче Петров | 70 | 36 | 32 | 1 | 3 | 0 | 1 | 1 | 34 | 34 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Аеродром | 114 | 58 | 47 | 3 | 8 | 3 | 0 | 0 | 53 | 53 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Шуто Оризари | 16 | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Бутел | 39 | 19 | 17 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 20 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Зелениково | 5 | 3 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Сарај | 25 | 12 | 11 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 13 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Студеничани | 16 | 8 | 6 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Илинден | 16 | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Арачиново | 10 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Петровец | 13 | 6 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Чучер Сандево | 10 | 5 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Сопиште | 8 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно Скопје | 807 | 399 | 339 | 10 | 50 | 20 | 1 | 1 | 386 | 384 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |

Извор: Центар за јавно здравје -Скопје

**Табела 9. Вработени во ординациите по гинекологија во Скопскиот регион спрема стручната подготовка во 2014 година**

| ОПШТИНА | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | Немедицински работници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | со виша подготовка | | со средна подготовка | | со нижа спрема | вкупно | психолози | социјални работници | останати |
| | | лекари | | | | останати | | | | | | | | | |
| | | вкупно | општа медицина | на спец. | специјалисти | | вкупно | од тоа мед. сестри | вкупно | од тоа мед. сестри | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| **Вкупно општина Гази Баба** | 10 | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Карпош** | 9 | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Кисела Вода** | 6 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Центар** | 52 | 24 | 0 | 1 | 23 | 6 | 0 | 0 | 18 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Чаир** | 16 | 9 | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 9 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Ѓорче Петров** | 10 | 5 | 0 | 0 | 5 | 1 | 0 | 0 | 4 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Аеродром** | 6 | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Сарај** | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно .** | 111 | 55 | 0 | 1 | 54 | 7 | 0 | 0 | 47 | 26 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Центар за јавно здравје -Скопје

**Табела 10. Вработени во ординациите по стоматологија во Скопскиот регион спрема стручната подготовка во 2014 година**

| ОПШТИНА | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со висока подготовка | | | | | забари | | забни техничари | | забни асистенти | | останати |
| | | лекари | | | | останати | | | | | | | |
| | вкупно | вкупно | стоматолози | стоматолози на спец. | стоматолози специјалисти | | вкупно | од тоа со виша спрема | вкупно | од тоа со виша спрема | вкупно | од тоа со средна спрема | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| Вкупно општина Аеродром | 112 | 62 | 47 | 0 | 15 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 45 | 45 | 1 |
| Вкупно општина Бутел | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно општина Чаир | 98 | 52 | 38 | 1 | 13 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 40 | 40 | 1 |
| Вкупно општина Центар | 507 | 284 | 97 | 11 | 176 | 8 | 0 | 0 | 72 | 3 | 143 | 143 | 0 |
| Вкупно општина Гази Баба | 67 | 34 | 30 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 10 | 0 | 23 | 23 | 0 |
| Вкупно општина Ѓорче Петров | 58 | 30 | 29 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 24 | 24 | 0 |
| Вкупно општина Кисела Вода | 69 | 38 | 31 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 7 | 1 | 24 | 24 | 0 |
| Вкупно општина Карпош | 136 | 78 | 55 | 4 | 19 | 1 | 0 | 0 | 9 | 0 | 48 | 46 | 1 |
| Вкупно општина Шуто оризари | 10 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| Вкупно општина Чучер Сандево | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Вкупно општина Илинден | 8 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 2 | 0 |
| Вкупно општина Петровец | 4 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 |
| Вкупно општина Зелениково | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Вкупно општина Сопиште | 9 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Вкупно општина Студеничани | 12 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 3 | 0 |
| Вкупно општина Сарај | 4 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| Вкупно општина Арачиново | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно Скопје | 1119 | 606 | 354 | 17 | 235 | 9 | 0 | 0 | 119 | 5 | 364 | 362 | 3 |
| Вкупно Скопје јавно здравство | 380 | 214 | 53 | 10 | 151 | 8 | 0 | 0 | 53 | 1 | 105 | 105 | 0 |
| Вкупно | 1499 | 820 | 407 | 27 | 386 | 17 | 0 | 0 | 172 | 6 | 469 | 467 | 3 |

Извор: Центар за јавно здравје -Скопје

**Табела 11. Вработени во ординациите по педијатрија во Скопскиот регион спрема стручната подготовка во 2014 година**

| ОПШТИНА | вкупно | Медицински работници | | | | | | | | | | Немедицински работници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | лекари | со висока подготовка | | | | со виша подготовка | | со средна подготовка | | со нижа спрема | вкупно | психолози | социјални работници | останати |
| | | вкупно | | | | останати | | | | | | | | | |
| | | | општа медицина | на спец. | специјалисти | | вкупно | од тоа мед. сестри | вкупно | од тоа мед. сестри | | | | | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| **Вкупно општина Гази Баба** | 11 | 6 | 4 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Карпош** | 12 | 7 | 2 | 0 | 5 | 0 | 1 | 1 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Кисела Вода** | 13 | 6 | 2 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Центар** | 17 | 8 | 0 | 1 | 7 | 0 | 0 | 0 | 9 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Чаир** | 25 | 12 | 8 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 13 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Аеродром** | 18 | 10 | 7 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Ѓорче Петров** | 20 | 11 | 6 | 1 | 4 | 0 | 0 | 4 | 9 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Бутел** | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Шуто Оризари** | 7 | 3 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Илинден** | 3 | 2 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Петровец** | 5 | 3 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно општина Чучер Сандево** | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно Скопје** | 135 | 70 | 35 | 3 | 32 | 1 | 1 | 5 | 63 | 58 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Извор: Центар за јавно здравје -Скопје

**Табела 12. Вработени во специјалистичките ординациите во Скопскиот регион спрема стручната подготовка во 2014 година**

| | Медицински работници | | | | | | | | | | Немедицински работници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | со висока подготовка | | | | | со виша подготовка | | со средна подготовка | | со нижа спрема | вкупно | психолози | социјални работници | останати |
| | лекари | | | | останати | | | | | | | | | |
| Општина | вкупно | општа медицина | на спец. | специјалисти | | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | вкупно | од тоа мед. сестри техничари | | | | | |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** |
| Аеродром | 14 | 0 | 1 | 13 | 0 | 0 | 0 | 15 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Центар | 63 | 1 | 3 | 59 | 10 | 12 | 11 | 60 | 50 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Карпош | 49 | 0 | 0 | 49 | 6 | 0 | 0 | 46 | 39 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г.Петров | 15 | 2 | 0 | 13 | 4 | 0 | 0 | 31 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г.Баба | 23 | 4 | 0 | 19 | 9 | 0 | 0 | 38 | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| К.Вода | 6 | 0 | 0 | 6 | 3 | 0 | 0 | 5 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Чаир | 7 | 5 | 0 | 2 | 7 | 2 | 2 | 24 | 24 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Ш.Оризари | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно приватни** | **178** | **12** | **4** | **162** | **39** | **14** | **13** | **220** | **172** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** |
| **ЗДРАВСТВЕН ДОМ-СКОПЈЕ** | 98 | 0 | 0 | 98 | 16 | 5 | 1 | 97 | 94 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| **Вкупно** | **276** | **12** | **4** | **260** | **55** | **19** | **14** | **317** | **266** | **0** | **3** | **1** | **0** | **2** |